Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13 и 160/13), во врска со член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2014 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.01-525/1 од 24.01.2014 година, Барањето бр.02-516/1 од 24.01.2014 година и Заклучокот на Агенцијата бр.02-488/6 од 24.01.2014 година, на 03-та седница одржана на 24.01.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за потреба од јавна набавка**

1. За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2014 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка – стоки: Печатачи, Оглас бр.18/2014 година.

2. Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, изнесуваат 100.000,00 денари без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година.

3. Доделувањето на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука ќе се спроведе со примена на постапката - барање за прибирање на понуди согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

4. Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, да не се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки.

5. Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, да заврши со користење на електронска аукција (директна аукција) како последна фаза на постапката.

6. Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:
- xxxxxxxxxx - претседател на Комисијата, со заменик xxxxxxxxxx;
- xxxxxxxxxx - член, со заменик xxxxxxxxxx, и
- xxxxxxxxxx - член, со заменик xxxxxxxxxx.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

8. Договорниот орган – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по завршувањето на постапката ќе склучи Договор за јавна набавка со најповолниот понудувач.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13 и 160/13), во врска со член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2014 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст), бр.01-525/1 од 24.01.2014 година, Барањето бр.02-516/1 од 24.01.2014 година и Заклучокот на Агенцијата бр.02-488/6 од 24.01.2014 година, на 03-та седница одржана на 24.01.2014 година, ја утврди потребата согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка – стоки: Печатачи, Оглас бр.18/2014 година.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, изнесуваат 100.000,00 денари без вклучен ДДВ. За реализацијата на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година.

Доделувањето на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука ќе се спроведе со примена на постапката - барање за прибирање на понуди согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, да не се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, да заврши со користење на електронска аукција (директна аукција) како последна фаза на постапката.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:
- xxxxxxxxxx - претседател на Комисијата, со заменик xxxxxxxxxx;
- xxxxxxxxxx - член, со заменик xxxxxxxxxx, и
- xxxxxxxxxx - член, со заменик xxxxxxxxxx.

Договорниот орган – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по завршувањето на постапката ќе склучи Договор за јавна набавка со најповолниот понудувач.

Врз основа на сето напред наведено, одлучено е како во диспозитивот на оваа одлука.

**Бр. 02-526/1**

**24.01.2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Доставено до:**
- Комисијата за јавни набавки;
- Секретаријатот - Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.